Виена, јуни 2010 година

**Информација за основањето на групациска холдинг компанија**

Почитувани вработени,

Во изминативе две децении, Vienna Insurance Group стана една од најголемите групации за осигурување во Централна и Источна Европа. Основата за ваквиот развој се постави со вклучувањето на Wiener Städtische Versicherung во основањето на Kooperativa во поранешна Чехословачка. Тоа беше навистина пионерски потфат затоа што станува збор за прва осигурителна компанија во приватниот сектор во регионот на Централна и Источна Европа основана со учество на западноевропска компанија.

Со успех го продолживме овој тек на проширување. Денес, на нашите клиенти им нудиме совет и услуги во врска со сите осигурителни прашања преку повеќе од 50 компании во Групацијата во 23 држави во овој регион. Сепак, успехот на нашата стратегија не се мери само според неговата големина, туку особено според економска одржливост. Клучен фактор во ова достигнување е соработката во рамките на Групацијата која што ја негуваме и унапредуваме уште од самиот почеток. Споделувањето на вештини и знаење во рамките на Групацијата, можноста да се научи еден од друг и, конечно, довербата што ја уживаме меѓусебно, се заштитен знак на нашата компанија и ги сочинуваат водечките принципи на Vienna Insurance Group.

Сепак, брзиот развој поддржан од посветеноста на сите вработени исто така бара приспособување на структурите на нашата Групација. До денешен ден, Wiener Städtische Versicherung во Австрија исполни две задачи: Од една страна, многу е успешна во обезбедувањето на осигурување на своите Австриски

клиенти, а од друга страна исто така е одговорна за сите меѓународни активности на Групацијата. Овие улоги сега целосно ќе се раздвојат. Како групациска компанија, Wiener Städtische ќе може во иднина исклучиво да се фокусира на австрискиот осигурителен пазар и на своите клиенти.

Со преструктуирањето за основање на Vienna Insurance Group AG Wiener Versicherung Gruppe*, компаниите од нашата Групација ќе работат под една капа и на тој начин ќе имаат заеднички, силен идентитет, излегувајќи надвор од својот поединечен пазар. Со својата функција како холдинг компанија, Vienna Insurance Group ќе биде одговор на за бројни прашања поврзани со меѓународното управување на Групацијата.

Нашите клиенти во сите држави ќе можат да се потпрат врз финансиската сила на нашата Групација. На почетокот од 2010 година, Standard & Poor's изрично го потврдија постојниот рејтинг „А+” за Vienna Insurance Group. Нејзината конкурентна позиција и способноста на осигурителната компанија да продолжи да се шири во Централна и Источна Европа резултираа со оценката за нејзината иднина од страна на Standard & Poor's како „стабилна“. Следствено на тоа, Групацијата има многу добар рејтинг, дури и во проблематична економска клима.

Со овој важен чекор, Vienna Insurance Group може да се претставува себеси како независна, финансиски силна осигурителна групација во државите од регионот на ЦИЕ и дури и ја засилува својата водечка позиција. Во врска со меѓународниот осигурителен бизнис, Групацијата ќе преземе една дополнителна улога на координатор надвор од националните граници. За да може да им се гарантира на нашите клиенти и продажни партнери дека ја добиваат најдобрата можна услуга и помош, транснационалниот бизнис, а особено соработката со нашите главни клиенти, ќе биде управувана од Групацијата.

* подлежи на регистрација во трговскиот регистар

Затоа, Vienna Insurance Group се гледа себеси како некој што има улога на поддржувач и советодавец, како платформа за размена на идеи во рамките на Групацијата врз основа на партнерство. Секоја компанија од Групацијата – вклучително и таа каде што работите Вие – ќе продолжи да делува со сопствена одговорност и со висок степен на автономија. Овој израз на индивидуалноста веќе се гледа во името на секоја компанија од Групацијата. Презимето Vienna Insurance Group разјаснува дека секоја компанија е дел од една финансиски силна, меѓународна групација за осигурување. Исто така значи, што се однесува пак до Вас, дека нема да има никакви промени во Вашата работа и опсегот на Вашите работни одговорности.

Вашата осигурителна компанија е исто така дел од Vienna Insurance Group и така го дава својот придонес во севкупниот успех на Групацијата. Со Вашата секојдневна работа, Вие придонесувате значително во ваквото постигнување и ги поставувате темелите за во иднина. Заедно ќе ја продолжиме патеката на успехот и ќе ја обликуваме Vienna Insurance Group.

Со почит,

Гинтер Гајер
Главен извршен директор
Vienna Insurance Group AG
Wiener Versicherung Gruppe